Агроплод АД Ресен ул. 29 Ноември бр. 6 Ресен , www.agroplod.mk;

**ВРЗ ОСНОВА НА ЧЛЕН 25 ОД ЗАКОНОТ ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ, А СОГЛАСНО ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМА И СОДРЖИНА НА ПРОСПЕКТОТ И ПОКАНАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И УПЛАТА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ, КАКО И СОГЛАСНО АКТОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА АГРОПЛОД АД РЕСЕН, АГРОПЛОД АД РЕСЕН ОБЈАВУВА**

# ПОКАНА

## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И УПЛАТА НА ОБИЧНИ АКЦИИ ОД ВТОРА ЕМИСИЈА ПО ПАТ НА ЈАВНА ПОНУДА

Поканата за запишување и уплата на обични акции од II-та емисија на Агроплод АД Ресен содржи само основни податоци за издавачот и за хартиите од вредност кои се предмет на понудата. Сите други релевантни податоци кои му овозможуваат на купувачот на хартии од вредност да направи процена за правното, финансиското и деловното работење на издавачот, за инвестициониот ризик и за правата кои произлегуваат од хартиите од вредност
содржи само основни податоци за издавачот и за хартиите од вредност кои се предмет на понудата. Сите други релевантни податоци кои му овозможуваат на купувачот на хартии од вредност да направи процена за правното, финансиското и деловното работење на издавачот, за инвестициониот ризик и за правата кои произлегуваат од хартиите од вредност
се содржани во Проспектот. Одлуката за инвестирање во хартиите од вредност треба да е заснована на целосната содржина на Проспектот кој е достапен бесплатно на местата на запишување на хартиите од вредност и на интернет страницата на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.

# 1. ПОДАТОЦИ ЗА ИЗДАВАЧОТ

## 1.1. <u>Податоци за историјата и развојот на издавачот;</u>

1.1.1. полн назив и седиште на издавачот на хартии од вредност;

Агроплод АД Ресен за производство, преработка и промет увоз извоз со П.О
Скратен назив: АГРОПЛОД АД
Адреса: 29-ти Ноември бр.6, Ресен

1.1.2. датум на регистрација во трговскиот регистар и матичен број на друштвото;

Друштвото е регистрирано во трговскиот регистар на 04.06.1991 год.
ЕМБС: 4002024

1.1.3. датум на основање на друштвото и времето за кое е основано друштвото, освен кога е основано за неопределено време;

Друштвото е основано во 1967 год., а е трансформирано во процесот на приватизација во акционерско друштво на 04.06.1991 година, кога е формирано на неопределено време.

1.1.4. правна форма на друштвото;

Друштвото е основано како акционерско друштво согласно со Законот за трговски друштва.

## 1.2. <u>Основни дејности на издавачот</u>

Приоритетна дејност на Друштвото е 64.99 Други финансиско услужни дејности, освен осигурување и пензиски фондови, неспомнати на друго место.
Примарна дејност на Друштвото е 01.24 Одгледување на јаболчесто и на ковчесто овошје, која ја остварува преку подружница. Друштвото има регистрирани дејности во надворешно трговскиот промет.
Основни приливи на средства се остваруваат од продажба на земјоделски производи и изнајмување на деловни објекти.

| **Приходи (во 000 ден.)** | **31.12.2016** | **31.12.2017** | **31.12.2018** |
|---|---|---|---|
| *Приходи од продажба на добра и услуги на поврзани друштва* | 399 | 147 | 371 |
| *Приходи од продажба на добра и услуги на неповрзани друштва* | | | |
| Приходи од продажба на добра (производи) и услуги во земјата | 10.827 | 9.216 | 8.473 |
| Приходи од продажба на добра (стоки) во земјата | 502 | 61 | - |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба на материјали, резервни делови и отпадоци | 174 | 351 | - |
| Приходи од наемнини | 13.837 | 14.756 | 14.756 |
| Останати приходи од продажба на неповрзани друштва | 66 | 219 | 808 |
| Останати приходи | 19.501 | 2.623 | 22.746 |
| **Вкупно** | **45.305** | **27.373** | **47.154** |

1.3. **Износ на основната главнина и број, род и класа на хартинте од вредност од кои се состои основната главнина, со состојба на денот на последниот биланс на состојба и состојба по промени во основната главнина што настанале по изготвувањето на последниот биланс на состојба;**

Основната главнина на Агроплод АД Ресен на ден 31.12.2018 год. гласи на износ од 10.750.118,00 еур, а во книговодствената евиденција изнесува 657.907.000 ден. Вкупно се издадени 21.025 обични акции, со номинална вредност од 511,30 еур по акција.

Со Одлуката за покривање на акумулираните загуби на Друштвото, донесена на Собрание на акционери под бр.01-305/13 од 20.07.2019 год, Друштвото изврши намалување на основната главнина, преку намалување на номиналната вредност по акција. Уписот на намалувањето е спроведено во Централниот регистар на Република С. Македонија, на ден 02.12.2019 год, за што се извшрени и соодветни измени на Статутот на Друштвото.

По спроведувањето на уписот, основната главнина на Агроплод АД гласи на износ од 4.625.500 еур во денарска противвредност според средниот курс на НБРСМ на денот на донесување на Одлуката и изнесува 283.837.500 ден, со номинална вредност на една акција од 13.500 ден, односно изразена во евра: 220 евра за една акција. Не е извршена промена во вкупниот број на издадени акции и тој изнесува 21.025 обични акции.

## 2. ПРИЧИНИ ЗА ПОНУДАТА И НАМЕНА НА СРЕДСТВАТА ШТО ЌЕ СЕ ПРИБЕРАТ СО ПОНУДАТА

Информации за причините поради кои се врши понудата и за очекуваниот нето износ на средства кои ќе се приберат врз основа на истата со податок за поединечните цели подредени по приоритет за кои ќе бидат наменети прибраните средства.

Новите акции се издаваат со цел зајакнување на финансискиот капацитет на Друштвото преку зголемување на капиталот. Од емисијата се очекува да се приберат средства во висина од 73,8 мил. ден.

За остварување на деловните цели над износот на прибраните средства со јавната понуда, останатите средства ќе се обезбедат од издавање на деловни објекти, продажба на свежо овоштие, продажба на полусуровини концетрат и каши, како и акумулиран сопствен капитал.

Средствата ќе бидат наменети за оптимизирање на профитот на друштвото.

Средствата ќе бидат употребени за реконструкција на ладилникот со што ќе се овозможи чување и ладење во УЛО систем, продолжување на рокот на продажба на свежо овоштие и оптимизирање на профитот.
Изградба на антифрост системи и системи за градобијна заштита, со што ќе се овозможи посигурно производство во кое ќе бидат намалени ризиците за готов производ поради низа на климатски фактори.
Набавка на амбалажа, и друга пропратна опрема за манипулација во ладилникот како и секундарна преработка овозможува вертикална интеграција на профит а со тоа и целосно зголемување на профитот на друштвото. Дел од средствата ќе бидат наменети и за откуп, приватизација и легализација на целокупниот имот на друштвото со што ќе се зголемува економската вредност од деловните единици, а со тоа индиректно и ќе влијае на зголемувањето на профитот на краток и среден рок.

## 3. ПОДАТОЦИ ЗА ПОНУДАТА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

### 3.1. <u>Бројот и датумот на актот за издавање на сопственички хартии од вредност</u>

Издавањето на хартиите од вредност се врши врз основа на Одлука бр. 01-426/8 од 26.10.2019, донесена на Собрание на акционери на Друштвото.

### 3.2. <u>Податоци за согласностите и одобренијата врз основа на кои хартните од вредност ќе бидат издаени;</u>

Хартиите од вредност ќе се издаваат врз основа на Решение на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија УП1 број 10-30, од 23.03.2020 година.

### 3.3. <u>Бројот на хартни од вредност што се издаваат и номиналната вредност на хартиите од вредност (поединечна и вкупна номинална вредност на емисијата);</u>

Предмет на јавната понуда се 5455 обични акции со поединечна номинална вредност од 220 (двесте и дваесет) евра. Вкупната номинална вредност на сите акции изнесува 1.200.100 (еден милион двесте илјади и сто) евра.

### 3.4. <u>Цена на хартиите од вредност</u>

3.4.1. Цената по која хартиите од вредност ќе бидат понудени, како и начинот на утврдување на цената согласно правилата на овластена берза, преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност, со која издавачот за тоа склучил договор;

Обичните акции се нудат по минимална цена од 220 (двесте и дваесет) евра, односно 13.530,00 денари (тринаесет илјади петсто и триесет) денари.

Запишувањето на јавно понудени хартии од вредност преку берза ќе се одвива со давање приоритет на налози со повисока цена, поголема количина и порано време на внес на налог.

При давање приоритет на налози со повисока цена, поголема количина и порано време на внес на налогот, БЕСТ системот ги подредува внесените куповни налози од страна на членките на Берзата на тој начин што приоритет добива налогот кој има повисока цена, при еднаква цена приоритет добива налогот со поголема количина, а при еднаква цена и количина приоритет добива налогот со порано време на внесување.

Склучувањето на трансакции се врши по цена од внесените куповни налози, веднаш по истекот на времето за внес на куповни налози, при што БЕСТ системот склучува трансакции според извршеното подредување на налозите, сè додека не се истроши количината на куповните налози или на продажниот налог.

3.5. **<u>Вкупна вредност на понудата;</u>**

Вкупната минимална продажна вредност на емисијата изнесува 1.200.100,00 евра, односно 73.806.150,00 (седумдесет и три милиони осумсто и шест илјади сто и педесет) денари.

3.6. **<u>Временскиот период во кој понудата ќе биде отворена (датум на започнување на рокот за запишување (ден, месец, година); датум на завршување на рокот за запишување (ден, месец, година); датум на започнување на рокот за уплата (ден, месец, година); датум на завршување на рокот за уплата (ден, месец, година)) ;</u>**

Акциите може да се запишат во рок од 15 дена од иницијалниот ден на запишување и уплата на акциите. Како иницијален ден се смета денот од кога почнува запишувањето и уплатата на акциите.

Постапката за запишување и уплата на акциите ќе започне во рок од 30 дена од денот на приемот на Одобрението за издавање на акции од страна на Комисијата за хартии од вредност.

Поканата за запишување и уплата на хартии од вредност ќе биде објавена на македонски јазик и неговото кирилско писмо во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Северна Македонија, 14 календарски дена пред почетокот на запишувањето на хартиите од вредност.

Проспектот и поканата за запишување и уплата на хартиите од вредност ќе бидат објавени и на веб страницата на берза, 14 календарски дена пред почетокот на запишувањето на хартиите од вредност.

Датумот за започнување на рокот за запишување и уплата на акциите е 28.04.2020 додека датумот на завршување на рокот за запишување и уплата на акциите е 12.05.2020.

3.7. **<u>Опис на постапката на запишување и уплата на хартиите од вредност, утврдена согласно правилата на овластена берза преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност со која издавачот за тоа склучил договор</u>**

**<u>и правилата на овластен депозитар каде се регистрирани хартиите од вредност на издавачот</u>**

Запишувањето на јавно понудени хартии од вредност преку Македонска берза започнува со внесување на продажен налог од страна на членката на Берзата застапник на АГРОПЛОД АД, на иницијалниот ден на запишувањето на јавно понудени хартии од вредност преку берза, во фазата на внес на продажен налог.

Фазата на внес на куповни налози трае од 30 минути до 240 минути во зависност од количината на понудените хартии од вредност, согласно времетраење што ќе го утврдат извршните директори на Берзата.

За фазата на внес на куповните налози во БЕСТ системот важат следните правила:

- можат да учествуваат сите членки на Берзата;
- БЕСТ системот ги прифаќа само куповните налози со цени кои се еднакви или повисоки од понудената продажна цена за определена хартија од вредност;
- членките на Берзата куповните налози ги внесуваат само како дневни налози (полето услови во маската за внес на налози не се пополнува или се внесува"Д");
- при внесот на куповните налози од страна на членките на Берзата не смеаат да се употребуваат други дополнителни и/или специјални услови;
- членките на Берзата можат да вршат менување и повлекување на внесените куповни налози;
- во куповните налози задолжително треба да биде определена количината на хартии од вредност што се предмет на запишување.

При давање приоритет на налози со повисока цена, поголема количина и порано време на внес на налогот, БЕСТ системот ги подредува внесените куповни налози од страна на членките на Берзата на тој начин што приоритет добива налогот кој има повисока цена, при еднаква цена приоритет добива налогот со поголема количина, а при еднаква цена и количина приоритет добива налогот со порано време на внесување

Склучувањето на трансакции се случува по цена од внесените куповни налози, веднаш по истекот на времето за внес на куповни налози, при што БЕСТ системот склучува трансакции според извршеното подредување на налозите, сè додека не се истроши количината на куповните налози или на продажниот налог.

Системот за тргување ќе регистрира трансакции во фазата на склучување трансакции, на крајот од секој трговски ден, сè до истрошувањето на понудената количина. По завршувањето на запишувањето во тековниот ден, незапишаната количина од налогот за продажба ќе биде пренесена за запишување во наредниот трговски ден, сè до истекот на рокот на јавната понуда или до комплетното реализирање на јавната понуда.

Берзата објавува дневно известување за реализирани количини и цени на запишани хартии од вредност во постапката на запишување на јавно понудени хартии од вредност преку берза.

По регистрирањето на трансакциите во БЕСТ системот и нивното утврдување, Берзата на овластениот депозитар му доставува извештај на склучени трансакции при запишување на јавно понудени хартии од вредност преку берза, во кој се наведува и планираниот датум на порамнување за сите трансакции од јавната понуда.

Сите заинтересирани лица кои сакаат да запишат акции од јавната понуда треба не подоцна од денот на давање на налогот за купување на акции, да ги уплатат потребните средства во висина на куповниот налог и трансакциските трошоци, на сметката на овластениот учесник во НБРСМ за порамнување на трансакции склучени преку Македонската берза.

При запишувањето, секој купувач пополнува писмена изјава за запишување на хартии од вредност (Уписница) која се дава истовремено со давањето на налогот за купување на хартии од вредност од јавната понуда на хартии од вредност кај овластен учесник на пазарот – членка на овластена берза и овластен депозитар и истата има правна важност од моментот на реализирање на налогот за купување.

Овластениот учесник на пазарот за хартии од вредност кој во постапка на јавна понуда учествува на куповната страна, уплатите од лицата кои запишуваат акции ги прима на својата сметка за порамнување во НБРСМ. Сумата на парични средства која лицата кои запишале акции во еден трговски ден била акумулирана на сметката за порамнување на овластениот учесник во НБРМ, овластениот учесник ја уплатува на посебната сметка на издавачот за примање на паричните средства на дневна основа, најдоцна до 15 часот. Сумата на парични средства која е уплатена на сметката на овластениот учесник од лицата кои дале налог за купување на акции, а чиј налог не е реализиран, овластениот учесник е должен да ја врати најдоцна до 9 часот наредниот работен ден, на сметката на лицата кои дале налог.

За време на запишувањето, сите уплати од купувачите за запишаните хартии од вредност се чуваат на посебната сметка во банка, која не може да биде користена од страна на друштвото сè додека јавната понуда не биде успешно завршена.

Доколку емисијата е успешна, а по добивање на решението за упис на зголемување на основната главнина кое го издава Централниот регистар на РСМ, Централниот депозитар за хартии од вредност дава налог на деловната банка во која е отворена посебната сметка за пренос на паричните средства на редовна сметка на издавачот, а во исто време ги префрла акциите на сметките за хартии од вредност на лицата кои што запишале акции од јавната емисија.

### 3.8. Постапка за распределба на хартиите од вредност во случај да бидат запишани и/или уплатени повеќе хартии од вредност од понудените;

Запишувањето на јавно понудени хартии од вредност преку берза ќе се одвива со давање приоритет на налози со повисока цена, поголема количина и порано време на внес на налог, при што запишувањето ќе заврши кога сите понудени акции ќе бидат запишани.

По утврдувањето на трансакциите повеќе уплатените средства по основ на повеќе уплатени акции од понудените или запишаните со јавната понуда, се враќаат на купувачите на дневна основа.

3.9. **<u>Доколку во актот за издавање на хартните од вредност е предвидено хартиите од вредност да се продават во лотови се наведуваат податоците за најмалиот и/или најголемиот износ кој е може да се запише и уплати;</u>**

Во Актот за издавање на акции по пат на јавна понуда не е предвидено хартиите од вредност да се продаваат во лотови.

3.10. **<u>Начин на плаќање на хартиите од вредност;</u>**

Плаќањето на акциите се врши во денари, согласно законската и подзаконската регулатива и правилата на Македонска берза за хартии од вредност АД Скопје и правилата на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Сите заинтересирани лица кои сакаат да запишат хартии од вредност треба не подоцна од денот на давање на налогот за купување на акциите од јавната понуда, да ги уплатат средствата во денари на сметката на овластениот учесник во НБРСМ за порамнување на трансакции склучени преку Македонската берза.

Овластениот учесник на пазарот за хартии од вредност кој во постапка на јавна понуда учествува на куповната страна, уплатите од лицата кои запишуваат акции ги прима на својата сметка за порамнување во НБРСМ. Сумата на парични средства која лицата кои запишале хартии од вредност во еден трговски ден била акумулирана на сметката за порамнување на овластениот учесник во НБРМ, овластениот учесник ја уплатува на посебната сметка на издавачот за примање на паричните средства на дневна основа, најдоцна до 15 часот.

Доколку емисијата е успешна, а по добивање на решението за упис на зголемување на основната главнина кое го издава Централниот регистар на РСМ, Централниот депозитар за хартии од вредност дава налог на деловната банка во која е отворена посебната сметка за пренос на паричните средства на редовна сметка на АГРОПЛОД АД, а во исто време ги префрла хартиите од вредност на сметките за хартии од вредност на лицата кои што запишале хартии од вредност од новата емисија.

3.11. **<u>Податок за бројот на посебната сметка во банка на која ќе се чуваат сите уплати од купувачите до завршувањето на јавната понуда;</u>**

Посебната сметка на Издавачот е отворена во НЛБ Банка Ад Скопје под број

210-0400202403-83

3.12. **<u>Податоци (назив, седиште, адреса и телефонски број) за овластена берза, преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартни од вредност, со која издавачот за тоа склучил договор и за овластените правни лица – членки на овластената берза и овластениот депозитар и времето во кое заинтересираните лица ќе може да запишат и купат хартии од вредност;</u>**

Запишувањето на јавно понудените хартии од вредност ќе се врши преку Македонска берза АД Скопје, ул. Орце Николов бр. 75, 1000 Скопје, тел: 02/3122 055, како и преку следните овластени правни лица:

НЛБ Банка АД Скопје, Служба за услуги со хартии од вредност, ул. Мајка Тереза бр. 1, 1000 Скопје - членка на Македонска берза каде ќе се врши запишување и продажба на хартиите од вредност; тел: 02/5100 387

Комерцијална банка АД Скопје, Дирекција за вршење на услуги со хартии од вредност, Орце Николов бр.3, 1000 Скопје; тел: 02/3168 168

Стопанска Банка АД Скопје, Дирекција за работа со хартии од вредност и брокерско - посреднички услуги, Бул. 11 Октомври бр. 7, 1000 Скопје; тел: 02/3295 407

ТТК Банка АД Скопје, Оддел за работа со хартии од вредност, Ул. Народен фронт бр.19А, 1000 Скопје; 02/3247 000

Еуростандард банка АД Скопје, Служба за работа со хартии од вредност, Ул. Никола Кљусев бр. 2, 1000 Скопје; тел: 02/3224 300

Шпаркасе банка АД Скопје, Ул.Македонија бр.9/11, 1000 Скопје; 02/3200 785

Еурохаус АД Скопје, Бул. Св.Климент Охридски бр.52-А/1/5, 1000 Скопје; тел: 02/3217 095

Илирика Инвестментс АД Скопје, Бул. Св.Климент Охридски бр.45 кат 1 локал 8; тел: 02/3296 853

Инвест брокер АД Скопје, ул. Истарска бр.33, 1000 Скопје; тел: 02/3110 290

Иново Брокер АД Скопје, Бул. Теодосиј Гологанов бр. 60/1 - 4, 1000 Скопје; тел: 02/3120 941

Фершпед Брокер АД Скопје, Ул. Македонија бр.11-А, 1000 Скопје; тел: 3219 333

## 4. ПОДАТОК ЗА МЕСТОТО КАДЕ МОЖЕ ДА СЕ ИЗВРШИ УВИД ВО ДОКУМЕНТИТЕ

Увид во документацијата може да се изврши на веб страната Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје www.mse.mk и во деловните простории на овластените правни лица – членки на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје и Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

бр.19А, 1000 Скопје; 02/3247 000

Еуростандард банка АД Скопје, Служба за работа со хартии од вредност, Ул. Никола Кљусев бр. 2, 1000 Скопје; тел: 02/3224 300

Шпаркасе банка АД Скопје, Ул.Македонија бр.9/11, 1000 Скопје; 02/3200 785

Еурохаус АД Скопје, Бул. Св.Климент Охридски бр.52-А/1/5, 1000 Скопје; тел: 02/3217 095

Илирика Инвестментс АД Скопје, Бул. Св.Климент Охридски бр.45 кат 1 локал 8; тел: 02/3296 853

Инвест брокер АД Скопје, ул. Истарска бр.33, 1000 Скопје; тел: 02/3110 290

Иново Брокер АД Скопје, Бул. Теодосиј Гологанов бр. 60/1 - 4, 1000 Скопје; тел: